Врз основа на член 45 став (1) и (2) од Законот за административните службеници ("Сл.весник на РМ" бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018), и Предлогот за вработување на кандидатот по Јавен оглас број 365/2018 од Агенцијата за администрација, број 10-92/5 од 02.02.2018 година, директорот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на ден 04.02.2019 година донесе

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 04-1899/5
04. 02. 2019 20 год.
СКОПЈЕ

О Д Л У К А
за избор на кандидат по јавен оглас за вработување на административен службеник

1. **ФАТОН МЕМЕТИ**, се избира од предложената ранг листа на кандидати по јавниот оглас за вработување на административен службеник во Фондот за здравствено осигурување на Македонија број 365/2018, за работно место **Раководител на одделение за договори со здрвастени установи**, **Правен сектор** со звање **Раководител на одделение - централа** и шифра на работното место **ФЗО0102Б02003.**
2. Именуваниот ќе заснова работен однос во Фондот на работното место од точка 1 од ова решение, по конечноста на оваа одлука.

О б р а з л о ж е н и е

По добиена писмена согласност од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства број 18-17631/3 од 12.12.2018 година, Агенцијата за администрација по барање на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на ден 25.12.2018 година на интернет страницата на Агенцијата за администрација и во дневните весници "Нова Македонија", "Вечер" и "Коха", објави јавен оглас број 365/2018 за пополнување на работното место под реден број 2 од огласот - **Раководител на одделение за договори со здравствени установи.**

Со решение број 10-92/1 од 04.01.2019 година, од страна на Агенцијата за администрација формирана е Комисија за селекција на вработување по јавен оглас.

По спроведена фаза 1 административна селекција од постапката за селекција за вработување, се утврди дека за работното место под реден број 2од објавениот оглас, од 4 пријавени кандидати, кандидатот Фатон Мемети, е единствен уреден кандидат, со што именуваниот се стекна со право да продолжи во натамошните фази на постапката.

По спроведената фаза 1 на административна селекција кандидатот Фатон Мемети успешно го положи испитот за административен службеник (фаза 2- испит за административен

службеник) со што се стекна со право да продолжи во фазата 3 – проверка на веродостојност на докази и интервју за работното место под ред број 2 по јавниот оглас број 365/2018 година.

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, врз основа на добиените бодови во трите фази од постапката за селекција за вработување (административната селекција, полагање на испит за административен службеник, проверка на веродостојност на доказите и одржаното интервју), изготви Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекцијата и Предлог за вработување на кандидати со најголем број на освоени бодови бр. 10-92/5 од 02.02.2019 година.

Врз основа на Конечната ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и Предлогот за вработување на кандидати со најголем број на освоени бодови по објавениот оглас бр.10-92/5 од 02.02.2019 година, Директорот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, по Јавниот оглас број 365/2018 за работното место број 2, **Раководител на одделение за договори со здравствени установи**, го избра кандидатот **ФАТОН МЕМЕТИ.**

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена да изјави жалба до Агенцијата за администрација.

ДИРЕКТОР,
Данаил Дончев

ДИРЕКТОР,
Орхан Рамадани
Orhan Ramadani